**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Сто и тринаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 8 април 2008 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 12,20 часот**.**

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Дами и господа пратеници,

Ја отварам Сто и тринаесетатта седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Зоран Витанов, Фиат Цановски, Агим Рамдани, Али Ахмети, Теута Арифи, Љубчо Георгиевски, Цветанка Иванова, Илинка Митрева, Лазар Китановски, Мери Младеновска-Георгиевска, Владо Бучковски, Радмила Шеќеринска и Иван Анастасовски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Во салата присуствуваат 61 пратеник.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството на пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, претседателот на Државната изборна комисија.

Оваа седница ја свикав по барање на Владата на Република Македонија заради разгледување по итна постапка на законите: за основање на Универзитетот за информатички технологии во Скопје,(во салата влегуваат и пратениците од опозицијата) за изменување и дополнување на Законот за основање на Државен универзитет “Гоце Делчев” во Штип, за основање на Технолошко-технички факултет, Ветеринарен факултет и Правен факултет во состав на Универзитетот “ Св. Климент Охридски” во Битола, за изменување и дополнување на Законот за основање на Државен универзите во Тетово и за високо образовните установи на верските заедници.

Владата на Република Македонија предлага на оваа седница по итна постапка да се донесат Законот за основање на Универзитетот за информатички технологии во Скопје; Законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Државен унивезитет “ Гоце Делчев” во Штип; Законот за основање на Технолошко-технички факултет; Ветеринарен факултет и Правен факултет во состав на Унивезитетот “Св. Климент Охридски” во Битола; Законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Државен Универзитет во Тетово и Законот за високо образовните установи на верските заедници.

Предлозите ви се доставени.

Заради рационалност претставникот на Владата ќе ги образложи сите предлози, а гласањето ќе го извршиме за секој од нив одделно.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста овие закони да се донесат по итна постапка на оваа седница .

Има збор господинот министер Рушити.

**Сулејман Рушити:** Почитувани пратеници, почитувани претставници на медиумите,

Согласно членот 175 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, постои неодложна потреба за донесување на наведените закони што ссе на дневен ред на оваа седница по итна постапка.

Со цел да се овозможи навремено извршување на сите подготовки и за да може неоснованиот универзитет на информатички технологии, како и другите новоосновани факултети во рамките на Универзитетот во Битола, Штип и Тетово да започнат со работа од учебната 2008/09 година. Имајќи ги притоа предвид обемноста и потребата од обезбедување на неопходните претпоставки и исполнетост на условите за почеток на работа на секој оделен факултет и во состав на универзитетот, согласно Законот за високо образование. Имено, по донесување на овие закони продолжува постапката за вршење на сите подготовки за отпочнување со работа на универзитетот, односно на новите факултети според основните одредби на Законот за високо образование, при што ќе треба да се спроведат особено следните активности: формирање на матични комисии кои треба да распишат конкуси за избор на наставници и соработници, формирање на посебни рецензиони комисии од страна на матични комисии кои даваат извештај дали пријавените кандидати ги исполнуваат условите за избор на наставници и соработници, утврдување исполнетоста на условите од страна на Министерството за образование и наука според утврдените нормативи и стандарди, добивање на акредитација на студиски програми од Одборот за акредитација и други активности.

Од тука со цел да се овозможи спроведување на сите овие активности со цел непречено и навремено започнување на студиите од учебната 2008/09 година се предлага законите да се донесат по итна постапка. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине министре.

Предлогот на Владата Законот за основање на универзитетот за информатички технологии во Скопје да се донесе по итна постапка на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 54 пратеници , за гласале 51, воздржано 2, против 1.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата Законот за изенување и дополнување на Законт за основање на Државен

универзитет “Гоце Делчев” во Штип да се донесе по итна постапка на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 53 пратеници , за гласале 51, воздржано 1, против 1.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата Законот за основање на Технолошко-технички факултет и Правен факултет во состав на Унивезитетот “Св. Климент Охридски “ во Битола да се донесе по итна постапка на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 50 пратеници , за гласале 50, воздржано и против нема.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата Законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Државен универзитет во Тетово да се донесе по итна постапка на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55 пратеници , за гласале 54, воздржано 1, против нема.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата Законот за високо образовните установи на верските заедници да се донесе по итна постапка на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 53 пратеници , сите 53 гласале за, воздржано и против нема.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата Законот за високо образовните установи на верските заедници да се донесе по итна постапка на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 50 пратеници, сите 50 пратеници гласале за.

Предлагам дневниот ред за оваа седница да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пратеници, за гласале 55 пратеници, воздржано 1, против нема.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот дневен ред.

Процедурално има гоподинот Оливер Спасовски. Според кој член од Деловникот ќе интервенирате?

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван претседателе.

Сакам да интервенирам во делот на свикување на оваа седница која што ја предлагате денес на дневен ред.

Прво да кажам дека не можам да се согласам уште еднаш како претседател на Собранието да правите злоупотреба во делот на закажување на овие седници.Прво пред неколку дена, точно во сабота, се свикува итна координација за недела во 19,00 часот, за итна седница и притоа сите пратеници се известуваат за да подигнат материјали итно во Собранието на Република Македонија.Во првиот момент помислив дека некој ја нападнал Република Македонија, се случува вонредна состојба, за да после разбереме дека итноста на Груевски и на вас како претседател на Собранието е многу позначајна заради тоа што ќе донесувате закони за државни универзитети.

Многу подобро ќе беше ако Груевски закажеше итна седница на која што ќе дојде и ќе не извести за она што се случуваше на Самитот во Букурешт во НАТО, што е стратегијата на Република Македонија, како понатаму ќе настапиме, по кој пат ќе се движат. Впрочем, тоа го очекуваат граѓаните на Република Македонија од нас.ако успеавте вие од ВМРО-ДПМНЕ и вие како претседател на Собранието да го ставите комплетно во аут Собранието надвор од сите случувања пред Самитот во НАТО, сега наместо да се освестите и да понудите пред граѓаните на Република Македонија концепција врз основа на која ќе покажете како и во кој правец ќе се движи Република Македонија, каква ќе биде иднината и судбината на граѓаните на Република Македонија, за вас многу битно е сега да ставите закони кои се однесуваат на делот на универзитети и за основање на нови факултети и тн., исто како оној пат кога стававте точки за кадровски прашања. Навистина не ја логиката да имаме координација пред неколку месеци, на која што бараме итна седница за да ги решаваме проблемите на стчаајните работници, тогаш не прифативте, кога тој предлог ви падна во Собранието со јавно гласање како парламентарно мнозинство, го напуштивте законодавниот дом, направивте преседан во Република Македонија во делот на функционирање на Собранието, денес итно мора да се свика седница, не заради друго туку заради тоа што Груевски ја закажал, не да им понудите концепција и стратегија за иднината на Република Македонија, за иднината на нивните семејства и на сите граѓани, да им понудите одговор за она што го очекуваат во овој момент, им нудите седница врз основа на која што бараат нови универзитети, факултети, итн.

Ви укажувам дека сето тоа не ви дава за право да ја злоупотребувате позицијата, туку треба да одговарате пред граѓаните за она што го носите.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Што се однесува до процедуралната интервенција на господинот Оливер Спасовски, ценам дека освен прват минута што беше на место, другите две минути од времето беа злоупотреба на говорницата во партиски цели, односно цели на партиски маркетинг.

Не дофрлувајте од место, ве молам.

Што се однесува до оној релевантен дел на процедуралната интервенција, имам да го кажам следното: Да се закажува итна седница не е прв пат. Долго време, можебиповеќе од година дена, опозицијата се жали на тоа дека нема време за амандмани, дека доцна се информира. Тоа беше единствената причина заради која побарав од службите како кој папир од потребните папири за таа седница стигнува веднашда се дистрибуира на сите можни начини, час поскоро да стигне до пратениците. Ова го истакнав и на координацијата и ова е познато. Тоа беа причините зошто е така постапено. Зема дел од вината дека можеби ги инкомодирав пратениците непотребно, меѓутоа, мојата намера беше што побрзо да дознаат за имаат што повеќе време да поднесуваат амандмани, затоа што при итните седници амандмани се поднесуваат до крајот на седницата.

Ете, тоа беше итноста, а и беше побарано седницата да биде итна.

Според тоа од оваа седница нема ни трага ни глас дека е итна, оваaседница е закажана во саботата, денес е вто0рник и одвај ја почнуваме.

Госпоѓа Славица Грковска претпоставувам има исто така процедурална интервенција, повелете.

**Славица Грковска:** Претседателе - забележувате дека не ве нарекувам “ почитуван” овој пат заради тоа што сметам дека тоа се заслужува. Заради тоа што претседател на Собрание не треба да врши груба злоупотреба на говорницата во партиски цели и груба злоупотреба на својата во партиски цели.

Вие претседателе не го почитувавте мислењето на мнозинството координатори на пратеничките групи оваа седница да не се свикува вчера во 15.00 часот како да е не знам колку итна седница која се однесува за беабедносни прашања во државата. Дури, упативте порака на координаторот на пратеничката група на СДСМ дека доколку не ни се допаѓа ваквиот начин на вашето работење можеме да го напуштиме Собранието. Исто така се однесувавте и со ДУИ, па откако го напуштија Собранието потоа ги молевте да се вратат.

Меѓутоа, и тоа ви беше малку. Во 21,45 часот синоќа добивме на нашите мобилни телефони кои што вие ги набавивте нелегално, порака дека вие ја свикувате Комисијата за образование, наука и спорт и одлучувате друг пратеник, а не претседателот на Комисијата да ја води, без да се консултирате со претседателот на Комисијата претходно.

Во член 116 став 3 децидно се вели дека седница на работното тело свикува претседателот на работното тело. Претседателот свикува седници и ако тоа го побара претседателот на Собранието или ако тоа го предложат најмалку една третина од членовите на телото кои треба да достават материјал за прашањето што го предлагаат да се стави на дневен ред.

Вие не побаравте од мене да свикам седница, ниту пак тоа го предложија најмалку една третина од членовите на комисијата. Јас ви кажав на координацијата која што се одржа вчера наутро дека до среда ќе се одржи седница на Комисијата за образование, наука и спорт, меѓутоа, за вас тоа очигледно не беше доволно, за вас беше потребно да ја злоупотребите својата функција во партиски цели.

Трагедијата да биде поголема, денес во 9,30 немаше никој, ниту некој од службите знаеше дека таква седница е закажана. Во закажани активности кои што се доставуваат секој ден наутро во Собранието на Република Македонија таква седница не постои. Во 10,30 часот добивме ново, писмо да го наречам, од претседателот на Собранието во кое што го потврдува својот нелегитимен чекор со свикување на седница на Комисијата на ваков начин, наместо претседател на Собрание да се обиде да ја исправи грешката што ја направил од синојка и на вакво грубо кршење на Деловникот на Собранието на Република Македонија да најде и да побара начин да поразговара со мене и да најде механизам како да ја исправи својата грешка претседателот на Собранието веќе втор пат го прекрши Деловникот на Собранието за тесно партиски интереси.

Затоа претседателе, заради тоа што сте продолжена рака на партиските цели и интереси, јас ве повикувам да ја напуштивте говорницата,заради тоа што не сте достоен да бидете претседател на Собранието.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Прво, според член 177, јас не сум должен да свикам седница на Комисија кога се работи за итна седница, но со истите причини кои ги наведов како одговор на претходната интервенција процедурална за да опозицијата има најрелевантнии податоци да се издискутира тоа, јас барав најитно да се закаже таа седница. Вие сами овде рековте дека сте ме известиле дека седницата е закажана за среда, но прескочивте да кажете дека тоа известие ми го дадовте како одговор на мојот предлог да закажете што побрзо и изрично ви реков дали можете во вторник да закажете. Вие рековте не, мене ми е закажано во среда. Со тоа сме ние чисти. Според тоа јас го искориситив своето деловничко право да ја закажам седницата.

Што се однесува до часовите, вчера беше донесено тоа решение и вчера беа сите известени за таа седница, за тоа решение. Според тоа, овие манипулации со часови и со минути итн. се пос аларм.

Повелете господин Борис Кондарко, имате збор. По кој член вие ќе интервенирате?

**Борис Кондарко**: Па сослушајте ја мојата три минутна итервенција која и самите ќе оцените дека по кој член итервенирам.

**Љубиша Георгиевски:** Кој рече таму 432? Некој рече од опозицијата.Мислам дека не е учтиво.

**Борис Кондарко:** Ве молам времето да не ми тече.

**Љубиша Георгиевски:** Јас сум човек сепак во некои респектабилни години и тоа не е учтиво да се одговара 432, ве молам. Немојте тоа. Јас прашувам, тоа е мое право.

Се извинувам господине Кондарко, кажете само по кој член и продолжете.

**Борис Кондарко:** Почитуван претседателе, ќе говорам три минути процедурално по истиот основ по кој говореа и моите претходни колеги од пратеничката група на СДСМ.

Во однос на содржината на она што ќе го кажам вие слободно оценете се по кој член говорам. Нашата суштинска забелешка...

**Љубиша Георгиевски:** Не, не, не. Ќе кажете прво како е уходано во тоа, по кој член ил членови, може 10 да кажете, тоа е ваше право, но кажете за сите да знаеме.

**Борис Кондарко:** по сите членови од првиот до последниот во Деловникот, затоа што ги прекршувате вие со вашето раководење сите членови од Деловникот.

**Љубиша Георгиевски:** Тоа е згодно.

**Борис Кондарко:** И ова Собрание веќе не личи на ништо.

**Љубиша Георгиевски:** Тоа е згодно, значи ќе говорите по сите членови.

**Борис Кондарко:** Добро, ама ми одземате од времето, ми истече времето.

**Љубиша Георгиевски:** Згодно. Повелете. Еве, мериме три минути од сега. Првото беше друга дискусија. Процедуралната интервенција три минути, а не две, значи ќе говорите по сите членови, добро.

**Борис Кондарко:** Ви благодарам за разбирањето и демократичноста.

Почитуван претседателе, ќе кажам со сета почит, вие овде не обвинивте кога говореше Оливер Спасовски дека ја злоупотребуваме говорницата. Кој овде и што злоупотребува? Вие го злоупотребувате цел Парламент, целата држава ја ставате со работењето на Парламентот во ситуација која не е природна, која не е интерес на државата, која не е приоритетна за оваа држава со прекршувањето на процедурата, со начинот на ставањето на овие точки на дневен ред и што е уште поважно, со погрешната политичка проценка кога треба да се разговара за 26 нови факултети во Република Македонија.

Со сета почит, но прв пат во историјата на Парламентот се случи за еден саат да биде закажана седница, со светлосна брзина, и прв пат во историјата се случи да една точка на дневен ред прво се става на пленарна седница како што беше вчера, а денеска пост фестум се става на Законодавна комисија, што нема никаква логика. Но, веќе се навикнавме на вашиот хаос во работењето, така што навистина не знаеме како тоа да го третираме. Ни останува вака процедурално по три минути да се обидеме да укажеме, значи не ја злоупотребуваме говорницата, туку ја користиме да се спротивставиме на вашите злоупотреби и кршењето на Деловникот и интересите на оваа држава. Што е поважно за државата да разговара ова Собрание за НАТО, за нашата перспектива, за нашата иднина, за нашите приоритети и датумот за преговори за Европска унија, што треба да направи оваа Влада. Значи, како опозиција сакаме да се обединиме, да и помогнеме на Владата, да ја поддржиме Владата за државните интереси. Вие разговарате за 26 нови универзитети. Село гори, баба се чешла, или Владата се чешла, или премиерот се чешла, како сакате. Премиерот бил во шок, неколку дена не требало да донесува одлуки. Сега донесува одлука и тоа ниту помалку, ниту повеќе за 26 факултети низ Македонија. Како сакате да градиме доверба и единство? Нашите и вашите гласачи за овие прашања од државен интерес имаат подеднаков интерес за иднината на државата, подеднакво се загрижени. Не им е воопшто важно да не слушаат денеска да разговараме за 26 факултети. Важно им е како утре нашите гласачи, нивните деца и семејства ќе живеат и во каква држава ќе живеат. Вие сте должни со вашите политички проценки независно од тоа што ја кршите процедурата, тоа да го овозможите и таква тежина да му дадете на највисокиот претставнички дом на граѓаните во Република Македонија. За тоа ја имате одговорноста. Не можете со странични теми да ја избегнувате одговорноста за иднината на оваа држава.

**Љубиша Георгиевски:** Јас ве разбирам дека говорите по сите точки и кога се говори по сите точки треба повеќе време. Меѓутоа, саатот е неумолив и морам да ве прекинам.

Господине Ружди Матоши, сега вие ќе имате процедурална интервенција. Ве молам да не се повторува истата грешка, по гласани работи Парламентот одлучува со мнозинство. Значи, итноста е веќе гласана. И немојте да ставате сега ремарки на итноста. Го чувме министерот, итноста е изгласана. Процедуралните интервенции се во ред, но не да не враќаат на проблематизирање на нешто што е изгласано во Парламентот, затоа што тоа не е во ред, затоа што тоа е губење време.

Повелете, господине Ружди имајте го во предвид ова што го кажав.

**Ружди Матоши:** Почитувани пратеници, почитуван претседателе, денес имаме значајна седница која навистина отвора хоризонти за албанското образование во Македонија. И

значајно е сите колеги пратеници да го дадат својот придонес навистина што побрзо да се изгласа овој дневен ред и образованието да има добар тек. Политиките на ДПА секогаш промовирале една таква политика. Јас помнам откога е основан Тетовскиот универзитет имавме клупи, демонстрираве, еве денес доаѓаат и подобри денови да го реализираме сето тоа. И политичката параноја која се кажа од некој дека се официјализира ДУТ. Напротив, денес во Парламентот на Република Македонија се отвораат хоризонти за овој Универзитет, се основаат нови факултети од 4 во 10 факултети, се основа Медицинскиот факултет во многу насоки, се основаат 10 факултети со 30 насоки, образовни програми и со 80 насоки каде ќе се создаде можноста за сите млади и голема можност за младината и за граѓаните да го дадат својот придонес. Едно образовано општество значи една стабилна држава и развиена економска држава. Сите тие лица, граѓани кои имаат малку ум во главата треба да го дадат својот придонес и што побрзо да го реализираме ова, затоа што е ургентно за сите граѓани.

**Љубиша Георгиевски:** Господине Александар Николовски, по кој член вие ќе говорите?

**Александар Николовски:** Благодарам претседателе, Ќе говорам по истиот член 175 по кој што говореше и колегата Ружди Матоши. Во насока на конструктивност на дискусијатам јас би сакал да апелирам, да помогнам и да го подржам она што вие го кажавте. Денес имаме исклучително значајни точки. Прво, е верификација на мандат на пратеник за да може Собранието да функционира во целосен состав. И втората работа, денес имаме точки на дневен ред кои што значат отворање на нов универзитет, три факултети во Битола, правен во Кичево, ветеринарен во Битола и технолошко-технички во Велес, 6 факултети во Штип, медицински факултет во Тетово и конечно регулирање на статусот на двата верски факултети на МПЦ и Исламската верска заедница. Исклучително значајни проекти. Јас можам да ја разберам потребата на колегите од СДСМ да дискутираат исто така за многу битно прашање како што е она за меѓународните односи на државата и за нашето членство во НАТО. Но, да се опструира ваква седница каде што ќе се даде можност да се дисперзира високото образование, да стане достапно на сите кои што сакаат да студираат, да стане достапно на сите млади луѓе кои што сакаат да се запишат на факултет, а кои што не можеле да го направат тоа заради тоа што немале средства да одат во Битола, или во Скопје да студираат, навистина е грев. Ова е и мој личен апел, но и апел на мојата генерација и на луѓе кои што ми се генерациски блиски, кои што години и години не можеа да се запишат на факултет само заради тоа што не беа во можност. Даваме таква можност да ги изгласаме овие работи, да помине оваа седница, да дадеме можност на високото образование, да дадеме можност за компетиција, да дадеме можност да се нудат различни работи и различни концепти, ќе ги разговараме и другите работи.

**Љубиша Георгиевски:** Колку што ве разбирам пледирате за нормална процедура на една итна седница.

Госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете, вие имате процедурална интервенција.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, мојата процедурална реакција не се сомневајте дека нема да биде по член. Секогаш сум прецизна и доследна кога се обраќам. Ќе реагирам процедурално по член 175 од Деловникот и по член 56 алинеја 5 од Деловникот и по Уставот на Република Македонија член 68. Мислам дека е доволно да ми дозволите да говорам.

Почитуван претседателе, имаме закажано седница по итна постапка. Не реагирам на тоа што е на дневен ред. И се сложувам дека образованието е многу важно за сите, без разлика на која етничка заедница припаѓаат. Токму и поради тоа без дилема гласав за основање на Тетовскиот универзитет, за разлика од паралментарното мнозинство сегашно кое што седи и ме гледа во очи, а гласаше против тој Универзитет и правеше опструкции со денови во Собранието. Значи, мојата определба дека е потребно образование, а каде треба, кој факултет треба, ќе го кажеме тоа на самата седница. Меѓутоа, реагирам на начинот на свикување на седница за една ваква важна и суштинска материја. Имено, член 175 вели: по итна постапка може да се донесе закон кога тоа е неопходно заради спречување и отстранување на поголеми нарушувања во стопанството. Нарушувања во стопанството имаме, тоа е факт, но не се до тој размер сеуште големи. Спречување и отстранување на поголеми, или кога тоа го бараат интересите на безбедноста и одбраната на Република Македонија. Сега кога САД ни ја гарантира безбедноста, сеуште не ни треба и овој услов не ни е потребен. Или во случаи на поголеми природни непогоди, епидемии, или други вонредни и неодложни потреби. Вакви работи за среќа на Република Македонија во овој момент се немаат случено. И токму поради тоа сметам дека не мораше толку итно да биде закажана оваа седница. Можеше да биде барем за неколку дена за да можат пратениците да ги разгледаат законите, да поминат по редовна постапка на комисиите и да дебатираме по нив.

Членот 56 алинеја 5 вели: значи должности на претседателот, соработува со координаторите на пратеничките групи по прашања за унапредување на работата на Собранието. Во овие моменти јас сметам дека ни е потребно унапредување на работата на Собранието. Не ни се потребни кавги и расправии по било кои работи, особено по вакви суштински работи како што е образованието за младите. Претседателе, мислам дека направивте преседан и не е добро на начинот на кој што сето

ова сакавте да го реализирате, затоа што на координација немаше никаков договор.

**Љубиша Георгиевски:** Значи, ова првото по член 175 јас го сметам веќе за апсолвирано, затоа што Собранието се изјасни во врска со итноста на предлогот. И тоа спаѓа во она мое предупредување, односно замолница до вас да не говориме за теми кои се апсолвирани со гласање.

Ова второто, по член 56. Координацијата е воведена пред извесно време, можеби има месец, или месец ипол, стрикно секој понеделник од 10 до 11 часот, значи таа на извесен начин е влезена во ритам. Соработката на претседателот на Собранието не е повеќе ад хок како на кого ќе му текне, туку е ритмизирана воведена и како практика, мислам дека никогаш никој не ќе смее да ја напушти, затоа што е воведена практика, иако тоа Деловникот изрично не го бара. Деловникот добро го цитиравте. Пишува: соработува. Ама до сега, до некни беше соработуваше кога сака, како сака и т.н. Сега се воведе ситуација во која понеделнички, или ако претседателот има протоколарни обврски, тогаш во вторник. Но, еднаш седмично се прави таа координација. Се разбира, на координациите не можеме секогаш да дојдеме до консензус. Тоа е секако јасно. Но, ние го бркаме тој консензус. Кога не доаѓаме до консензус, мора да се вратиме на пропозициите на Деловникот.

Господине Сафет Незири, повелете.

**Сафет Незири:** Ви благодарам господине претседателе, почитувани колеги пратеници, ги сослушав забелешките од колегите со кои воглавно се согласувам. Но, пред се, кога се говори за една итна седница коко што е денешнава седница, јас се согласувам дека треба да се прошири образовната мрежа во Република Македонија не само во високото образование, туку нормално и во средните и основните училишта. Но, како и да е, кога ќе споредиме една сосема друга состојба која е во однос на позицијата на Република Македонија во меѓународни размери со посебен акцент на Самитот во Букурешт кој се одржа од 2 до 4 април каде позицијата на Република Македонија можеби претходно, можеби и во текот на Самитот да ги дефинираше јасните позиции на Република Македонија за да ја добиеме поканата за членство во НАТО. Но, по се изгледа мислам дека треба господине претседателе, една идентична седница, или итна седница да се стави на дневен ред, можеби и во текот на оваа седница една информација од премиерот на Република Македонија за Самиот на НАТО во Букурешт и учеството на делегацијата на Република Македонија на овој Самит. Треба да имаме информација почитувани колеги и господине претседателе од прва рака за текот на Самиот во Букурешт за ангажманот на нашата делегација на тој Самит. Дали имаше нашата делегација средби со странски дипломати, со една цел, за да лобираат за нас и за помасовна поддршка за позицијата на Република Македонија на тој Самит. Бидејќи според некои инфорамции кои ни се лиферирани преку средствата за јавно информирање дека имало и такви држави кои ја поддржувале Република Грција против Република Македонија за да се зачлени во НАТО структурите. Мислам дека премиерот има начелна обврска ова прашање да го елаборира овде и ние да ја заземеме нашата позиција.

Друго прашање, треба да знаеме и да ни дадете инфорамција од прва рака од премиерот за составот на делегацијата на Република Македонија. Од 46 члена од делегацијата само еден беше Албанец. Се поставува прашањето дали е ова реалниот преглед на една мултиетничка држава како што е Република Македонија. Мислам дека овие прашања треба да се елаборираат во детали.

Втор предлог, барам од вас господине претседателе, бидејќи се говори, да завршам, ако може уште десет секунди, да ја прекинете оваа седница за кратко време и да се свика уште еднаш Комисијата за образование наука и спорт, бидејќи беше спорно прашање кој треба да ја раководи таа Комисија и Комисијата да даде свои оценки и свои констатации околу овие точки од дневниот ред.

**Љубиша Георгиевски:** Поголемиот дел од вашата интервенција беше за жал на друга адреса и тука јас не можам, ниту ги имам тие ингеренции, ниту можам во име на друг човек да ви кажам. Така што на тоа не можам да ви одговорам. Она што го сметам за релевантно во вашите предлози е предлогот да се прекине седницата за да се стават работите во ред во Комисијата за образование. Но, евентуално тоа ќе го преразгледам откако ќе помине првата точка која нема врска со другиот комплекс на работи, тоа е обична верификација. После тоа ќе го разгледам тоа да дадам едно дополнително време евентуално и таа Комисија да заврши со работа, иако леге артис не мора, но заради дијалогот и заради подоброто разбирање меѓу опозицијата и позицијата, ќе го разгледам вашиот предлог многу сериозно.

**Сафет Незири:** Јас побарав да се постави на дневен ред информација од Владата на Република Македонија, односно премиерот да дојде тука пред пратениците и да не извести за Самитот во Букурешт. Мислам дека би било добро да се информираат не смао пратениците, туку и целата македонска јавност, бидјеки се работи за значајно прашање.

**Љубиша Георгиевски:** Јас сосема ве разбрав и тој ваш предлог не го заобиколив. Затоа што е тој заобиколен веќе,односно не е можно да се оствари, бидјеки ние пред малку гласавме за неизмена на дневниот ред. Според тоа, тој предлог не може процедурално да дојде. Инаку не би го заобиколил, тој е важен, исто така релевантен предлог од ваша страна. Но, овој ккао

што гледате го уважувам и ќе го разгледам многу сериозно, овој предлог што го дадовте.

Господине Аднан Јашари, ќе бидете ли љубезен да кажете по кој член од Деловникот ќе говорите? Кажете ми по кој член ќе говорите?

**Аднан Јашари:** Ви благодарам господине претседателе. Повикувајќи се врз основа на членовите од Деловникот од членот 70 до членот 80, дозволете ми да го кажам моето мислење во врска со една точка која е предложена во однос на основањето на универзитетот за информатички технологии во Скопје. Од материјалите кои ги поседувам мислење за основање на овој универзитет од Одборот за акредитација немам, нешто што ценам дека врз основа на одредбите од Законот за високо образование кој го донесовме пред извесно време е обврска, законска обврска. Значи, Одборот за акредитација да даде мислење за основање на високо образовни установи, опфаќајки го и универзитетот за информатички технологии.

Не сум против ова, но барам од формално правен аспект ова прашање да се уреди. Ова прашање го нагласив, затоа што моите податоци говорат дека Одборот за акредитација сеуште не е комплетиран, не е составен како орган и од вкупниот број на членови само 6 се назначени, а ги има 15, од страна на Владата, додека 8 други членови што треба да се предложат или назначат од Универзитетската конференција, тоа не е направено.

Во интерес на легализација односно почитување на одребите на Законот за високо образование добро е, според мое мислење, ова прашање ако има можност во текот на дебата да се реализира, ако не да се отстрани од дневниот ред. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас господине Јашари.

Известен сум и порано, а еве и сега од службите дека цела документација што е потребна, формално правно е добиена и е доставена. Ќе го истражиме случајот, да видиме коку вие имате, колку немате. Во секој случај се обврзуваме да го расчистиме тоа. Ви благодарам за предлогот, ако е пропуст ќе го исправиме.

Понатаму има збор госпоѓа Весна Бендевска.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе.

Мојата процедурална забелешка е согласно членовите 136 и 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

Во членот 136 е јасно дефинирано што треба да содржи образложението на Предлогот за донесување на закон. Освен оценка за состојбата на областа што ќе биде уредувана и целта што се сака да се постигне со законот, јасно е наведено дека образложението мора да содржи износ на финансиски средства потребни за спроведување на законот и начинот на нивно обезбедување, како и податоци дали спроведувањето повлекува материјални обврски од одделни субјекти.

Доколку тоа го има, како содржински дел во предлог законите, што се однесуваат на Државниот универзитет во Тетово и во Штип, тоа го нема во останатите предлози на закони.

А вие, господине претседател, бевте должен пред да ја закажете седницата и пред да барате образложение за итноста да проверите дали содржината на законот и обрзложението се комплетни.

Почитувани колеги, СДС е за сите проекти што придонесуваат за поквалитетно образование на Република Македонија. Но, е изрично против импровизации во образованието. Бидејќи, доколку во овие три предлози на закони, наместо наведен износ на финансиски средства што ќе биде потребен за спроведување на законот стои дека ќе се користат средства од Буџетот, но без определен износ и дека се планирани само да бидат во висина на платите и надоместоците и материјалните трошоци, барам од вас господине претседателе, да постапите согласно член 137 што јасно говори што е ваша работа во овој случај.

Ако предлогот за донесување на закон не е подготвен во согалсност на одредбите на овој Деловник, како што е случај со овие три закони, претседателот на Собранието, пред да го достави на пратениците, ќе побара од предлагачот, а тоа е Владата на Република Македонија да се усогласи со одредбите на овој Деловник.

Затоа ве молам, постапено согласно членот 137 и одложете ги трите предлози на закони што не содржат дефиниран износ за потребните финансиски средства. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Госпоѓа Славица Грковска, по втор пат процедурано.

**Славица Грковска:** Колешки и колеги пратеници, со оглед на сите оние при чини што беа изнесени од страна на пратениците на почетокот на оваа седница, имајќи го предвид моментот во кој се наоѓа Република Македонија и нејзините приоритети, повикувајќи се на едно излагање на премиерот Никола Груевски, кој на седница на Собрание има искажано дека не може да оцени и да види како е можно легализација на дивиот универзитет во селото Мала Речица да биде поприоритетно прашање од овие три прашања за зачленувањето во Европската унија, поддршката на МПЦ и законите за децентрализација, повикувајќи се на оваа негова изјава, не можам да видам како е поприоритетно во овој собраниски дом, во овој момент да се дискутира за други прашања, освен за прашања што ќе не приближат до Европската унија и Евроатланските интеграции и зачленувањето во НАТО.

Заради дополнителни консултации барам еден час пауза во име на пратеничката група на СДС.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Продолжуваме со седницата во 15,00 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,19 часот)

**Бесим Догани:** Ги молам пратениците да седнат на своите места.

Продолжуваме со работа.

Процедурално се јави госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза топузова Каревска:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Јас веќе имав една интервенција по членот 175, но со оглед дека не добив одговор, не го гледам министерот за образование во салата, добро еве сега влезе.

Значи, толку, можеби, значи не само министерот туку и би сакала поготово сега претседателот на Собранието да беше тука да ми објаснеше, значи по членот 175 велам, велам претседателот, зошто тој ја закажа седницата, а министерот образложи по членот 175 вели: По исклучок закон може да се донесе и по итна постапка. По итна постапка може да се донесе закон кога тоа е неопходно заради спречување и оценување на поголеми нарушувања на стопанството, или поголеми природни непогоди, епидемии или други вонредни и неодложни потреби.

Дали во Македонија имаме поголеми во овој момент и сериозни нарушувања на стопанството, значи се држам за членот или можеби имаме некои непогоди елементарни, неодложни потреби, значи епидемии или не дај Боже нешто такво. Сакам пратениците и македонската јавност да знаат, мислам дека треба, ред е, Собранието е место од каде што треба да се информираме или можеби тоа го бараат интересите на безбедноста на одбраната на Република Македонија.

Дали тоа значи дека, со недобивање на поканата за НАТО Алијансата, ние навистина се соочуваме со ова што го има во членот 175 односно ова го бара одбраната на Република Македонија? Сакам објаснување на тоа, реков подобро ќе беше претседателот да ми објасни со оглед дека тој ја закажа седницата, но тука е и министерот, јас во образложението на министерот не слушнав ниту едно оправдување во оваа насока што е според членот 175.

Токму поради ова што го наведов, сметам, уште еднаш ќе нагласам не сум против да дебатираме по овие закони, за некои од нив ќе дадам поддршка, секако дека имам и амандмани и мислам дека треба да има образование за сите без разлика на која етничка заедница припаѓаат. Меѓутоа, сум за почитување на Собранието односно на Деловникот на Собранието се додека го имаме овој Деловник. Знам дека има одредени недостатоци, но овој момент е така и овде децидно е набележано што треба за да се исполнат условите. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Топузова.

Иако претседателот не е тука, јас ќе се обидам да ви објаснам во име на претседателот.

Значи, според членот 175 министерот за образование господинот Рушити изложи зошто треба итно да се дискутира по овие закони.

Јас жалам што Деловникот дава можност да вие го читате само тој дел што ви одговара, а јас да го читам тој дел што мислам дека е употребен во моментот, а тоа е дека во членот 175 јасно укажува и вели на крај: " ...или други вонредни и неодложни потреби". Ова е неодложна потреба според министерот и ние како водство на Парламентот тоа го уваживме и затоа денеска на дневен ред е оваа седница.

Продолжуваме понатаму.

Господинот Рафиз Алити не е присутен, господинот Гарип Каба исто така има процедурална забелешка, нема се откажа, во ред.

Процедурална забелешка има госпоѓа Верица Филипова, повелете.

**Верица Филипова:** Благодарам.

Почитуван потпретседател, почитувани присутни, почитуван министер,

Јас ќе интервенирам во согласност со членот 137 од Деловникот. А членот 137 вели дека, ако Предлогот за донесување на закон не е подготвен во согласност со одредбите на овој Деловник, претседателот на Собранието пред да го достави на пратениците ќе побара од предлагачот да го усогласи со одредбите на овој Деловник.

Член 136 вели дека Предлогот за донесување на закон мора да биде образложен и цитирани се образложението што треба да содржи.

Во третата точка од овие цитати вели дека Предлогот за донесување на закон, образложението треба да содржи износ на финансиски средства потребни за спроведување на законот и начинот на нивното обезбедување како и податоци за тоа дали спроведувањето на законот повлекува материјални обврски за одделни субјекти.

Ако ги погледате, доставените до нас, материјали од Министерството за образование, износот на потребни финансиски средства на пример за Државен универзитет "Гоце Делчев" во Штип, дополнување на Законот со основање на нови факултети ги содржи точно потребните финансиски средства. Не дека сум јас пратеник од Штип, меѓутоа предлогот за во Штип е сосема во ред и е сосема потполен и е направен онака како што треба да биде.

Меѓутоа предлогот, на пример за Ветеринарен факултет Свети "Климент Охридски" во Битола и Правен факултет, погледнете ве молам, не содржи баш ама ниту една цифра, ниту една бројка во финансиските средства за спроведување на законот. Нешто слично е и со Предлогот за универзитет за информатички технологии во Скопје и стои и во предлогот добиен за високообразовните установи на верски

заедници и таму не содржи финансиски средства. Значи Деловникот во ваквите предлози е грубо прекршен.

И покрај тоа што мислам дека не е умесно денес да зборуваме за овоие теми имајќи ги пред нас и името и НАТО и изборите, сепак се јавив за збор да го кажам ова дека процедурално, воопшто не е во ред добиениот Предлог. Поради тоа ве молам да се дополнат односно да ги повлечете тие три кои не се во ред.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Според мене, што се однесува до финансиското образложение, имате и општо образложение за сите предмети бидејќи се слични, имате и за некои посебно и мислам дека во тој дел сме сосема во ред.

Процедурално му давам на господинот Рафис Алити, повелете. Повелете господине Алити.

**Рафис Алити:** Ви благодарам.

Процедурално барам, во однос на делегацијата што отпатува во Букурешт, откако беше кажано и од страна на претседателот на Собранието дека, откако ќе се врати делегацијата од Букурешт, на дневен ред ќе се стави точката за информирање било да е тоа за тековите во Букурешт или пак за составот на делегацијата што отпатува во Букурешт.

Навистина беше и е навредувачко за сите пратеници, посебно за нас Албанците, што во делегацијата не се виде упатно да има барем едно правично застапување, да се барем лидерите на албанските политички партии присутни таму. Сигурно дека и лидерите на нашите партии имаат свои врски и би придонеле кон тоа да се добие поканата. На овој начин едноставно Албанците беа игнорирани, не земаа учество во Букурешт.

Тие што го изготвија составот на делегацијата, според листата што ја видовме, има седум телохранители кои што се земени со себе, земени се секретарки и заменик секретарки, земени се членови на семејствата и на потесниот круг на господинот Груевски, а не се виде упатно барем ние како пратеници да бидеме застапени или претставени во Букурешт, значи да биде и овој дом претставен. Нешто за што мислам дека го делат истото мислење со мене и другите пратеници затоа што тоа не беше делегација која што ја претставуваше државата или пак Република Македонија, туку едноставно беше партиска делегација, нешто што не ни чини чест никому од нас.

Токму поради тоа и кога отпатува делегацијата и сега ние бараме да дојде Претседателот на државта тука, да дојде претседателот на Владата и да ни кажат како течел Самитот во Букурешт и зошто во нивните делегации немаше ниту еден Албанец?

Дали имало раскол помеѓу делегациите во текот на разговорите во Букурешт, затоа што има шпекулации дека македонската делегација не говорела едногласно таму?

Токму поради овие работи мислиме дека итно треба да дојде Претседателот на државата и на Владата и да го информираат Собранието. Благодарам.

**Бесим Догани:** Освен вашата прва и последна реченица, другото е се ваше право на злоупотребување на говорницата. Ова прашање ние го расчистивме веќе еднаш, разговаравме за тоа.

Како второ, вие како искусен пратеник знаете дека за вакви барања треба да имате писмено барање до Собранието па истото да се уважи. Вие тоа не сте го направиле. Направете го па ќе го разгледаме и ќе му го понудиме на Собранието, па Собранието ќе одлучи дали би требало да дојде до такво нешто.

Повелете госпоѓице Грковска, процедурално три минути.

**Славица Грковска:** Почитуван потпретседателе,

Имајќи го во предвид моментот во кој што се наоѓа Република Македонија, имајќи ги во предвид препораките на целата меѓународна јавност дека Република Македонија треба, колку е можно побрзо, да ги исполни реформите што се бараат од неа за да може да добие датум за преговори со Европската унија, барам оваа седница да ја прекинете, да продолжиме, да ја закажете 104-та седница на Собранието во која што на дневен ред се закони кои што го носат европското знакче.

И инсистирам овој мој предлог да го ставите веднаш на изјаснување пред Собранието.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓице Грковска.

Дали имате поддршка од 10 пратеници за вашето барање?

(Повеќе пратеници креваат рака).

Во ред.

Иако Собранието одлучи да работи по оваа тема, бидејќи имаме конкретен предлог од госпоѓица Грковска, која има поддршка од 10 пратеници, ги повикувам службите да ни доставаат точен број на присутни пратеници во салата за да може да го изгласаме дадениот предлог.

(Службите доставуваат точен број на присутни пратеници во салата).

Бидејќи во салата сеуште немаме доволен број на пратеници, ги повикувам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата.

**Бесим Догани:** Иако госпоѓица Грковска ја изгуби поддршката од 10 пратеници, сепак ќе чекаме да направиме кворум за гласање.

(Присутните пратеници во салата чекаат да се создаде кворум за гласање).

Уште еднаш ги повикувам сите пратеници кои се надвор од салата да влезат во салата, а

истовремено ги повикувам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

(Во салата нема кворум).

Иако пратеникот кој предложи да гласаме за прекинување на седницата и да започнеме со новата 104-та седница не е присутен, предлогот сепак го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во присуство на 61 пратеник, гласаа 55 пратеници, од нив само 5 гласаа за, 3 воздржано, 47 против.

Констатирам дека предлогот на госпоѓица Славица Грковска не е прифатен.

Продолжуваме понатаму.

Процедурално има збор господинот Ружди Матоши, повелете.

**Ружди Матоши:** Благодарам господиние потпретседателе.

Јас уште еднаш ќе кажам и ќе го потврдам тоа што треба да се случи во овој Парламент. Денес траба да бидеме стабилни, конкретни, да ги усвоиме овие предози по итна постапка кои ни се предложени од страна на Владата од причина што се во прилог на сите граѓани. Јас гледам дека некој сака да ја промени темата, сакајќи да каже кој отпатувал на Самитот во Букурешт, колку Албанци учествувале во таа делегација и како изгледаше Самитот. Ова е само еден блеф со што некој сака да се направи сценарио за да не се донесе законот за Медицинскиот факултет во Тетово.

Пред да прашат некој кој отпатувал во таа делегација, треба подобро да го прашаат Бранко Црвенковски дали имало некој Албанец во неговата делегација, бидејќи и тој има значајна институција. Тие му дадоа 200 илјади гласа на Бранко Црвенковски и ги наполнија кутиите во сите албански села за Бранко Црвенковски и тој сега не зеде ниту еден Албанец на Самитот во Букурешт. Дали се свесни за овие нешта. Тие беа во Владата кога се одржа Самитот во Рига, Самитот во Истанбул. Немаше ниту еден Албанец ниту во Рига, ниту во Истанбул, а овде ни кажуваат приказни. Ова е еден политички блеф, со што импровизираат политика. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Матоши.

Процедурално има збор господинот Рафис Алити, по трет пат денеска, повелете.

**Рафис Алити:** Јас сум координатор и доколку има потреба и четири пати ќе се јавам. Јас побарав процедурално затоа што вие ја злоупотребивте говорницата и ми дадовте објаснувања што се однесуваат на делегацијата, јас тие објаснувања не ги побарав од вас, туку побарав тука да дојде претседателот на државата и на Владата и да не информираат за тоа што се случуваше во Букурешт. Тоа го направив не поради вас, туку поради господиниот Љубиша Георгиевски кој што вети дека на првата наредна седница што ќе се одржи на дневен ред ќе биде составот на делегацијата итн. Јас се согласувам со претседателот на Собранието дека треба на наредната седница, меѓутоа тоа не се случи. Не се случи поради политиките што се водат во оваа држава, поради погрешните политики, мислам како и да е. Доколку вие господине Матоши, доброто нема крај, било добро и затоа не изгласал и народот да правиме нешто добро за народот. Не се говори само за Факултетот за медицина, туку и за други факултети што треба да се отвораат и сигурно дека седницата е пред нас и ние ќе расправаме за тие точки, меѓутоа да ве потсетам дека ниту во Истанбул, ниту во Рига не беше тоа истото ниво како новото во Букурешт. Во Истанбул учестуваше, не е вистина дека не учестуваше некој Албанец, но како и да е не не амнестира тоа или пак ниту ти можеш да ја амнестираш оваа Влада со тоа што само еден Албанец водеше во Букурешт за да им ги држи чантите. Јас не знам дали тој ја претставуваше вашата партија или пак кого претставуваше таму. Дали Владата на Груевски можеби, така што, сега ќе привршам, вие тие работи ќе треба сами да ги објасните пред вашиот електорат.

Што се однесува на нашето барање, за што и земав збор, господине Догани, на секоја седница ќе бараме да се стави на дневен ред на Собранието, да дојде претседателот на државата и претседателот на Владата. Нема тоа да го направиме по писмен пат, затоа што тоа е нивна обврска.

Искрено ви кажувам, иако тоа со жалење го тврдам, ова е голема неодговорност од страна на двајцата претседатели на институции, институции кои што одлучуваат во оваа држава. После Самитот во Букурешт претседателот на државата и на Владата да не се произнесат пред пратениците тоа е повеќе од неодговорност. Така што јас уште еднаш јавно ќе ги повикам двајцата да дојдат и да не информираат за тековите на Самитот во Букурешт. Благодарам.

**Бесим Догани:** Госпоѓица Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Чинам потпретседателе вие не ми дадовте збор веднаш после гласањето, што за прв пат се случува во овој собраниски дом. Очигледно денеска е ден на воведување на дополнителни нови правила на игра од страна на претседателот и потпретседателот на Собранието.

Имено, во салата во моментот на гласање немаше 61 пратеник, така што претходното гласање не можете да прогласите за релевантно. Вие имавте обврска да го повторите гласањето, меѓутоа бидејќи бевте свесен дека не можевте да обезбедите кворум од страна на парламентарното мнозинство, вие грубо го прекршивте Деловникот и прифативте без кворум да се признае гласањето од 55 гласа за предлогот што јас го дадов. Вие имате обврска да го повторите гласањето потпретседателе, тоа го барам од вас, со истите пратеници кои што беа во тој момент во

салата, значи оние што дополнително влегоа во салата замолувам да не ги броите и да констатирате точно колку пратеници има во салата пред да го ставите предлогот на гласање. Во моментот на гласање во салата немаше 61 пратеник.

Нема да подлегнам на невоспитаните провокации од страна на ВМРО-ДПМНЕ, на нив веќе се навикнавме, меѓутоа вас потпретседателе ве рачунавме како еден од поразумните во Претседателството кој што бил секогаш реален и објективен, затоа ве замолувам да го почитувате Деловникот, да не воспоставувате и вие ваква пракса на скандалозно непочитување на Деловникот и да го повторите гласањето и земајќи ги во предвид само оние пратеници кои што во тој момент беа во салата за изјаснување.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓице Славица Грковска.

Јас можам да ви кажам дека во моментот на гласање имаше 61 изброен пратеник, но ако инсистирате јас тогаш ќе ве повикам од почеток на процедурата, дајте го предлогот, дајте десет пратеници подршка и ќе продолжиме понатаму.

Инаку, сметам дека е се во ред и му давам збор за процедурално на господинот Матоши, повелете.

**Ружди Матоши:** Уште еднаш, господине потпретседателе, треба да се вратиме на процедурата и тоа што е суштествено, есенцијално да имаме седница која тие кои се како птици и ги креваат рацете за да ја попречат оваа седница овде не се присутни во салава, ве молам господине потпретседателе, ве молам камерите нека ја видат парламентарната гурпа на ДУИ дека е против Медицинскиот факултет во Тетово.

Господине потпретседателе, ве молам уште еднаш, камерите нека прикажат дека ДУИ не е присутна во салава. Ве молам, ова неопходно да го видат граѓаните бидејќи ова е политички блеф. Тие не се за проширувањето на факултетите во Тетово и албанската младина да се образува како и сите други општества. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Матоши.

Ги повикувам камерите да покажат кон пратеничката група на ДУИ, да, секако и целата сала.

Господине Вејсели повелете, имате три минути за процедурално.

**Абдулади Вејсели:** Почитуван потпретседателе, почитувани колеги и колешки пратеници, денес е многу значаен ден, значаен ден за демократијата во Република Македонија. Денес отворено се гледа дека опозиционите парламентарни групи прават опструкција кон продолжувањето на работата на оваа пленарна седница. Јас сум свесен, затоа што некому му пречи постигнувањето на резултати од кои што ќе добијат граѓаните на Република Македонија, односно ќе добие албанската младина во Република Македонија.

Денес ќе ми простите вие останатите, треба да биде ден на празник за Албанците во Република Македонија. Денес се реализира многу годишниот сон на Албанците во Република Македонија да имаат целосна потполна образовна институција, институција за високо образование во Државниот универзитет во Тетово со сите факултети, така како што биле предвидени од страна на групата интелектуалци, иницијатори за основањето на Универзитетот во Тетово во 1994 година. Јас не можам да обвинам некои албански политичари кои што не се во салата затоа што тие не учествувале и не биле дел од тие активности за основање на Државниот универзитет во Тетово. Заедно со групата албански интелектуалци, албански професори за основањето на тој Универзитет. И денес, без оглед што оваа иницијатива доаѓа од ова парламентарното мнозинство, доаѓа од ПДП, ДПА или ВМРО или од другите делови од владината коалиција, овој предлог треба да се поддржи од сите, затоа што овие минути нема да се повторат уште еднаш. Сега кога се одлучува во рамките на Државниот универзитет во Тетово да се отворат уште пет дополнителни факултети кога во рамките на истиот ќе биде и факултетот за Медицина за кое што студирање Албанците одеа, талкаа насекаде во светот, почнувајќи од Тирана, Софија, Белград, Загреб и пошироко и денес кога на Универзитетот во Тетово се основа факултетот за медицина и истиот ќе биде на прагот на нивните домови на албанските граѓани во Република Македонија настојува на различни начини да се вршат опструкции, да се предлагаат нови точки во дневниот ред на седницата само да не се успее да се реализира таа многугодишна идеа на Албанците, на студентите интелектуалци и младината во Република Македонија.

Затоа, од оваа говорница ги молам сите тие и им велам отворено, иако е ова предлог на оваа Влада, доколку се реализира денес и се изгласа овој владин проект за основањето на факултетот за Медицина и на многуте други факултети во рамките на Државниот универзитет во Тетово, ќе добијат сите Албанци без оглед на нивната партиска припадност.

Еднаш за секогаш, јас не сакам никому да му спорам легитимно право во ова Собрание да предлага нови точки на дневниот ред, меѓутоа имаме многу следни седници на кои што ќе може да предлагаат. Меѓутоа, денес треба да бидеме единствени да го гласаме овој проект кој што е на добивка на сите Албанци и албанската младина во Република Македонија. Благодарам и простете доколку го надминав времето. Пријатно.

**Бесим Догани:** Повелете госпоѓо Топузова.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Само би сакала да ве прашам прво дали поминавме на материјална расправа со оглед дека десет минути не бев во салата, можеби во меѓувреме поминавме на материјалната расправа па да знам како да се однесувам и како да ја насочам мојата дискусија.

Почитуван потпретседателе,

Апсолутно мислам дека овде ниту се слушаме, ниту се почитува тоа што ќе се каже во рамките на процедуралното. Неколку пати во текот на денот интервенирав за овие колеги што не слушаат како и секогаш, впрочем не само како и сега, нормално е да дофраат од назад затоа што само тоа им останува. Меѓутоа, почитуван потпретседателе, не реагираме и ваше беше да го прекинете колегата кој што говореше пред мене затоа што не говориме сега во овој момент дали сакаме или не сакаме образование, зборуваме за процедурата. Ние сме револтирани на начинот на кој што се менаџира оваа седница со толку значајни точки. Тука е нашиот револт. Јас побарав објаснување што беше толку итно и секако, ако се договоревме, еве среда е утре, опозицијата тоа го бараше да си оди нормално денеска на комисии, утре да расправаме по овие точки и не беше ништо страшно, значи секако ќе расправаме утре.

А кој бил против образование на Албанците, мислам дека колегата беше во минатиот состав на Парламентот и добро знае што се случуваше од оваа страна кога деноноќно се работеше и се тропаше и се лупаше и се читаше цел елаборат до ѓезвињата и тенџерињата што се предвидени за купување во Тетовскиот универзитет. Значи сето тоа го поминавме и се овозможи да се формира Универзитетот во Тетово.

Ние имаме забелешки, јас лично имам забелешка за некои факултети, но не за сите и јас секогаш ќе гласам за образованието без разлика на која било етничка заедница, со исклучок на три четири амандмани кои што ги имам, за кои што се надевам дека за некои ќе даде подршка и парламентарното мнозинство, за некои не очекувам да даде, мислам дека ќе дадеме и ние како ЛДП поддршка на овие закони.

Но, ве молам, ова уште еднаш покажува дека не треба да се влечат избрзани потези, туку тука треба да ја следиме процедурата која што ни ја дава Деловникот. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Топузова.

Процедурално четврти пат господинот Рафис Алити, повелете.

**Рафис Алити:** Добро е како претседавач на нас од опозицијата да ни броите колку пати бараме процедурално збор, но кога тоа го бара позицијата не им ги борите процедуралните забелешки. Но по се изгледа дека и ова е дел од животот во ова Собрание.

За жал, ќе кажам, сакам да бидам искрен со сите колеги и со јавноста дека овде се врши злоупотреба на говорницата или на микрофонот така како што го направи претходниот говорник. И јас ќе ја направам таа злоупотреба, но, ќе го потсетам господинот Матоши кога го официјализиравме Државниот универзитет во Тетово тој и неговата партија го нарекоа како кокошарник, така ние не го нарекуваме.

**Бесим Догани:** Ве молам да не реплицирате на пратениците и да не ги споменувате по име бидејќи оти ги иритирате да се јавуваат повторно.

**Рафис Алити:** Ви благодарам.

Се додека пратениците на ДУИ работеа деноноќно, тоа што се спомна дека овде имаше и тропање со лонци, со ѓезвиња и се друго, во текот на тоа кога требаше да се официјализираме овој Универзитет, претходните говорници или некои од претходните говорници одмараа по плажите во Турција и во Албанија или други места. Но денес се осмелува да ни каже дека пратениците на ДУИ не се присутни затоа што се против факултетот за Медицина, што не е вистина.

Јас јавно ќе ви кажам, сите пратеници на ДУИ не само за медицинскиот факултет туку и за секој друг факултет кој ќе се отвори се разбира во интерес на граѓаните на Република Македонија , затоа што за нас е приоритет над приоритети образованието на населението, а посебно на Албанците кои немале услови каде да се образуваат, ние секако дека ќе го гласаме тоа. Но, јас реков нешто претходно. Мислам дека пораката и претходните говорници ја сфатија пораката, секое добро е добро што се прави, но добрите нешта немаат крај. Така што треба да се размислува дека во оваа земја има потреба и за други факултети кои треба да се основаат во подрачјата каде што живеат Албанците, како што се отвораат за Македонците, така треба да се отворат и за Албанците. Но, никако не држи констатацијата дека ДУИ е против тоа да се основа еден факултет по медицина. Ние го официјализиравме универзитетот, сега да даде господ да се отвори и астрономски факултет. Тоа беше и наша цел, ви благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам, господине Алити.

Господине Матоши, повелете процедурално.

**Ружди Матоши:** Благодарам господине потпретседател.

Треба да разјасниме неколку работи. Треба задолжително да ги разјасниме затоа што луѓето не следат не слушаат и не гледаат и студентите и професорите од универзитетот во Тетово. Пред 10 минути ДУИ ги дигна рацета за Славица Грковска која што даде предлог за спречување на работата на Парламентот и ДУИ исто така ги дигна рацете и овозможи да се спречи работата на Парламентот, а рацете не ги дигнаа пратениците од ДПА. ДПА кога водеше прогресивна политика за образованието на албански јазик господинот Рафиз Алити беше во една политичка номенклатура која што имаше многу бајати предлози за албанското образование. Кога ДПА обезбедуваше на

студентите соби, столици и имаше демонстрации за универзитетот во Тетово, господинот Рафис Алити беше со таа политичка клапа која што ги спречуваше истите кои што велеа дека ние сме завршиле факултет нема потреба другите да завршат факултет. Тој заборава кај бил и што значи континуитет во политиката. Тој заборава дека ДПА во оваа држава за прв пат го донесе законот за високо образование и тој кокошарник што го направи, го направија врз основа на Законот што го донесе ДПА во 1998 година до 2002 година. Тој заборава колку криминал направија во универзитетот во Тетово, заборава колку фалсификувани дипломи ги издадоа таму и ги реализираа во тој универзитет. Заборави дека сето тоа го наравија со различни банди со тоа што еден професор предаваше по 10 предмети на тој универзитет. Денес тој универзитет станува прогресивен и е можност за сите и вие како парламентарци треба да бидете тука а не да станете значи заложници на госпоѓата Славица Грковска, туку треба да седите тука и да гласате за овој предлог затоа што е за доброто на сите, благодарам.

**Бесим Догани:** Јас можам да се согласам дека само делот каде што објаснувате дека пратеничката група на ДУИ даде подршка за предлогот на пратеничката од СДСМ да се прекине оваа седница е процедурално другото беше политички маркетинг малку, но не сте ни вие криви бидејќи тоа цел ден се прави и најверојатно така ќе продолжи, бидејќи гледам уште има најавени.

Господинот Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине потпретседател.

Јас очекував затоа цел ден чекав и видов дека нема повеќе пријавени и дека ќе бидам последен за процедурална интервенција. Ќе интевенирам надвор од ова што денес цел ден има процедурални забелешки.

Мојата процедурална забелешка е согласно член 32 од Деловникот за работа на Собрание и драго ми што сега влегува претседателот бидејќи сакав лично од него да побарам една информација. Имено ден пред Самитот во Букурешт кога ние овде требаше да одржуваме седници имаше одредени протести пред Собранието на Република Македонија што е демократско право. Една од главните шпекулации тогаш што беше пуштена беше тоа дека ние пратениците сме собрани тој ден да го менуваме уставното име на Република Македонија. Сега барам информација од претседателот на Собранието кој воопшто ја протури таа информација, и на кого му требаше. Собранието воопшто, претседателот не реагира на таа инфорамација. Сите знаете добро дека ние бевме собрани тој ден да, за седница, но да видиме ако има потреба дали ќе гласаме за предлогот за кој се согласил премиерот на Република Македонија господинот Никола Груевски во договор со претседателот на Собранието. Тој предлог ние пратениците не го знаевме, но ни рекоа да бидеме тука. Тоа беше по барање на претседателот. И се прашувам во таа информација да одговорите на кого му требаше целокупниот гнев на македонскиот народ да го свртат кон пратениците. Кој воопшто од пратениците во тоа сум убеден дека никој од овие 120 пратеници тој ден не дојде да расправа промена за уставното име на Република Македонија . Јас знам дека оние кои што го водат пијарот и маркетингот на Владата тогаш тоа му беше најдобро да го свртат цалокупното внимание и целокупниот гнев кон нас пратениците. Но барам од вас да му пренесете на претседателот кој сега излезе и се направи дека не ме слуша што прашувам, зошто во договор со премиерот го направија тоа да ги обвини пратениците дека се собираат за менување на уставното име на Република Македонија. А за предлогот за кој тие меѓусебе се договориле и за којшто ке бараа после тоа согласност од нас нека си кажат тие кој им беше нивниот предлог бидејќи тоа кога, тогаш ќе излезе. Значи да заклучам, мојата процедурална интервенција согласно член 32 барам, сакате нова седница ако не сте спремни претседателот на наредна седница да не информира нас пратениците од македонската јавност, прво дека ниеден пратеник не беше дојден на седница за менување на уставното име на Република Македонија. И второ, зошто претседателот до ден денес тоа не го демантира, дали тоа е согласно со договорот што го имал со господинот Груевски? Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Најдовски.

Јас се надевам претседателот ќе ви одговори иако во ова што го кажавте вие нема ништо официјално ништо службено издадено како документ бидејќи членот 32.. нема никаков издаден документ дека претседателот на Собранието правел некој договор или писмено не известил или побарал од нас од нас да бидеме на седница заради седница во која ќе го менуваме името или незнам што изложивте. Значи се е во доменот на шпекулации или можеби во доменот разговори, но немаше никаков службен документ. Ве молам, господинот Фадил Сулејмани, процедурално повелете.

**Фадил Сулејмани:** Почитуван господине потпретседателе, почитувани пратеници, почитуван господине министре за образование и наука.

Не можев да се воздржам а да не земам збор. Колку за објаснување во однос на една вистина со која сакам да ве информирам, а за што мислам дека треба да ја слушне нашата јавност. Иако е кажано неколку пати овде но повторно некој го повторува на лажен начин. Вистина е тоа дека се тактизира од страна на опозицијата на СДСМ и ДУИ со лоши намери да се одолговлечи овој предлог за основање на факултети во универзитетите во Штип, Битола, но над се да не се основаат факултетите по медицина, општа

медицина и стоматолозите во рамките на Тетовскиот универзитет. Гледајќи ги сите овие како успеси и достигнувања на актуелнава Влада како достигнувања на Министерството за образование во прв ред на господинот Рушити и на самото раководство на тетовскиот универзитет ректорот во прв ред господинот Сади Беџети и тн, сите други кои даваат свој придонес во однос на проширување на овие универзитети во прв ред на Тетовскиот универзитет со нови факултети со нови насоки, со студиски програми значи со сите научно образовни установи кои ги бара потребата на нашиот народ овде во Македонија и современите трендови на развојот на демократијата на светот каде треба да бидеме и ние паралелно да се интегрираме со нив како универзитети но и како народ.

Второ, во однос на историјта на основањето на Тетовскиот универзитет на неговиот тек на неговото консолидирање и проширувањето на овој универзитет, неоспорна вистина е тоа дека оваа високо образовна установа на Албанците имаше полна подршка од политичкиот албански субјект на ДПА во Македонија. Имавме протести за официјализацијата на овој универзитет, барања за признавањето на овој универзитет имаме писмени документи дека оваа партија го подржува овој универзитет. Сакам да завршам. Немам реплика туку побарав збор. Во 1998 година...

**Бесим Догани:** Само три минути, одмина вашето време да не ги кршиме правилата на парламентот.

**Фадил Сулејмани:** Овој универзитет фукционираше 4 години дојде ДУИ и го затвори со 12 други факултети и треба да се срамат тие кога се споменува името на овој универзитет бидејќи тие го уништија овој универзитет.

**Бесим Догани:** Процедурално 3 минути.

**Рафиз Алити:** Сигурно дека малку се претера, меѓутоа како и да е историјата ќе покаже кој што направил за тој универзитет, а тоа што се направи, се направи од страна на Албанците ,тоа што се направи, се направи со потта и крвта на Албанците и немаме право ниту еден од нас да се удираме во гради, велам кој што направил било да е тоа индивидуално или колективно за тоа ќе говори историјата за секој посебно. Истовремено и за злоупотребите што беа кажани доколку имало злопотреби.. Претходниот говорник не беше или пак не е тука затоа е на власт, незнам дали е некој од професорите притворен или затворен од страна на тие професори кои што правеле злоупотреби на тој универзитет. Доколку имало професори или поединец кој што е фатен на дело како продава дипломи или тн., институциите требало да реагираат соодветно на тоа. Зошто не реагирале, тоа не е мое јас да дадам одговор туку е на тие што се на власт затоа што тие ги имаат сите потребни механизми. Зборовите што ги кажуваат тука на паушален начин треба и да ги потврдат со дела. Според зборовите на господинот Матоши тогаш требало 10 или 15 професори од универзитетот во Тетово или пак требало истите да се затворат затоа што е тоа тешко обвинение, обвинувањето дека се продавале дипломи. Јас не знам за такво нешто доколку тој ги има тие сознанија го има министерот го има органот за внатрешни работи и сигурно е добро тие да се активираат затоа што таква работа не им служи на чест. Кажав уште еднаш ние како парламентарна група ќе го гласаме овој Предлог закон, не само законот за факултетот за медицина туку и за сите други факултети што ќе се отвораат затоа што населението има потреба од тоа без разлика дали некој сака да го прифати тоа или не. Не било лесно воопшто да се обезбеди печатот на тој универзитет да се верификуваат дипломите на сите тие студенти кои што некој ги остави на пат. И јас сега нема да го спомнам името на претходниот говорник меѓутоа ДУИ не го прати во затвор како што тие го пратија во затвор нивниот пријател. Значи таа работа не ни служи на чест. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Алити.

За процедурално се јави господинот Фадил Сулејмани, 3 минути повелете.

**Фадил Сулејмани:** Уште еднаш земав збор бидејќи повторно се искривуваат историските факти. Тие кои што ги оставија студентите на улица се лицата кои што ги назначи ДУИ, е министерот Азис Положани. Тој со затварањето на 12 факултети во име на официјализацијата ги затвори и факултетите по медицина и стоматологија, не ги акредитира и ги остави другите ниту на небо ниту на земја, значи ги остави да висат и се фалеа заедно со претседателот на ДУИ од екипи од Албанија и на Косово дека наводно се трудат да го решат проблемот на студентите. Ова беше еден голем срам наместо да се трудат да го решат проблемот, здравствениот проблем на албанскиот народ во Македонија, значи да ги офијалицизира тие факултети или да не ги запрат да ги остават и овие факултети да работат, но тие ги затворија. Студентите останаа на улица ние имаме свежи спомени како протестираа и демонстрираа по улиците на Тетово и во другите градови во Македонија барајќи да не им се затворат факултетите, да не се затвори стоматолошкиот факултет ниту медицинскиот факултет. Тие останаа на улица, тие од Косово ги однесоа на Косово, некои во Албанија а другите останаа никаде. Затоа тие кои го затворија овој факултет во име на официјализацијата кои го уништија и тие кои ги оставија студентите на улица се лицата од ДУИ кои ги назначија тука и кои направија многу злоупотреби, а еден од нив е и самиот поранешен ректор Неџмедин Беадини кој отиде од Советот и доби назив доктор професор што е спротивно со сите норми, статути, акти и закони национални и меѓународни на високото образование во светот. И тој

повторно со ова звање, лажно звање добива и плата. Има направено многу унапредување јас му предлагам на министерството да му го одземат звањето на доктор професор бидејќи го стекнал на лажен начин.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Сулејмани.

Господине Дураку повелете 3 минути процедурално.

**Садула Дураку:** Благодарам почитуван потпретседател, почитувани пратеници.

Не мислев да земам процедурално, но неопходноста од времето и вие како претседавач доколку дозволите во дискусијата околу Предлогот на законот за изменување на Законот за високо образование тогаш не знам дали е процедурално тоа што говори господинот или е нешто друго. Доколку одиме со факти тој универзитет го фрли во провалија токму овој дискутант кој што говореше досега и потта на народот кој што од населението во Липково донираше 12.000 марки во тоа време за одржување на тој универзитет. Токму овој човек и неговиот заменик чие што име го спомна порано го уништи универзитетот во Тетово. Така што лошо е што некој што има вакво звање доктор на науки и некој ќе помисли дека навистина Албанците со вакви звања се луѓе што немаат знаење и имаат органска омраза. Благодарам.

**Бесим Догани:** Бидејќи нема повеќе пријавени за процедурално.

За денешната седница го предлагам следниот дневен ред.

1. Верификација на мандат на пратеникот во Собранието на Република Македонија.

2. Предлог на закон за основање на универзитет за информатички технологии во Скопје.

3. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на државен Универзитет “Гоце Делчев” во Штип.

4. Предлог на закон за основање на технолошко-техинчки факултет, Ветеринарен факултет и Правен факултет во составот на Универзитетот “ Св.Климент Охридски” во Битола.

5. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на државен Универзитет во Тетово.

6. Предлог на закон за високо образовните установи на верските заедници.

Пред да го ставам предложениот дневен ред на гласање би ги повикал сите пратеници кои се надвор од салата да влезат во салата, а службите да не известат за точниот број на присутни пратеници во салата.

Почитувани дами и господа пратеници пред да ја прекинам денешната седница дозволете ми од мое и ваше име на припадниците на ромската заедница да им го честитам 8 април Меѓународниот ден на Ромите.

(аплауз)

Тука ја прекинувам денешната седница и истовремено ве известувам дека со истата седница продолжуваме утре во 12,00 часот.

(Седницата прекина во 17,09 часот)